# Планирајте однапред ако сте изложени на поголем ризик од сериозна болест од COVID-19 и грип

## Дали сте изложени на поголем ризик од сериозна болест од COVID-19 и грип?

### Ова вклучува:

- Лица на возраст од 60 години и постари
- Бремени жени
- Абориџини, лица од островите во Теснецот Торес и од Пацифичките Острови
- Лица со прекумерна тежина, дијабетес, сериозно кардиоваскуларно заболување, хронично белодробно заболување (вклучително сериозна астма за која била потребна хоспитализација во последните 12 месеци), сериозно хронично заболување на црниот дроб или бубрезите, активен рак или лица кои имаат слаб имунитет
- Некои лица со попреченост, вклучително лица со попреченост која влијае на нивните бели дробови, срце или имунолошки систем
- Станари во установи за нега на постари лица и на лица со попреченост
- Лица на возраст од 18 години и постари кои не се вакцинирани.

Ако се разболите, вашиот доктор може да ви препорача антивирусен лек што ќе ви помогне да оздравите.

Ќе треба да го земата овој лек колку што е можно поскоро откако ќе се разболите.

Планирајте однапред и зборувајте со вашиот доктор сега дали антивирусните лекови се соодветни за вас.

Ако сте загрижени во врска со вашето здравје и ви треба помош со јазикот, јавете се во TIS на **131 450** и побарајте да ве поврзат со Home Support Line на NSW Health Flu и COVID-19 Care на **1800 960 933**.

**За повеќе информации, одете на www.nsw.gov.au**



© NSW Health May 2022.